# Информации за лица кои биле во контакт со заболени од туберкулоза (ТБ)



## Зошто ве контактираме во врска со туберкулоза (Tuberculosis)?

Утврдивме дека сте биле во контакт со лице што има туберкулоза. Бидејќи се работи за заразна болест, постои мала опасност дека можеби сте заразени со бактеријата што предизвикува туберкулоза. Затоа, ви предлагаме да направите неколку тестови што ќе ни овозможат да провериме дали сте заразени од туберкулоза или имате туберкулоза во почетна фаза. Во зависност од резултатите, можеби ќе ви препорачаме да се лекувате или повторно да направите проверка.

## Што е туберкулоза?

Туберкулозата е излечива болест што ја предизвикува инфекција со бактеријата *Mycobacterium tuberculosis*. Болеста обично ги оштетува белите дробови, но некогаш може да оштети и други делови од телото, на пример, лимфните жлезди, бубрезите, коските, итн.

## Но јас не познавам никој што има туберкулоза!

Можеби не го познавате лицето што има туберкулоза со кое сте биле во контакт. Бидејќи со сите случаи на туберкулоза се постапува во доверливост, не сме во состојба да ви кажеме кое е лицето. Меѓутоа, лицето се однесуваше одговорно и ве наведе како лице кое било изложено на болеста.

## Како луѓето се заразуваат од туберкулоза?

Туберкулозните бактерии се пренесуваат преку воздухот кога лицето со туберкулоза во белите дробови или грлото кашла, кива, пее или зборува, испуштајќи мали капки во воздухот. Овие капки може да ги вдишат други лица.

Повеќето луѓе се заразуваат со туберкулоза од лице со кое поминуваат многу време заедно. Многу невообичаено е да се добие туберкулоза од лице после краток или случаен контакт. Туберкулозата **не** се пренесува преку предмети што се користат во домаќинството, на пример, прибор за јадење, садови или телефони.

## Како можам да утврдам дали сум заразен/а?

Проверки може да се направат во локалната клиника за белодробни заболувања. Овие проверки вклучуваат:

1. Кожен туберкулински тест (исто така наречен Манту тест). Се прави мал, безбеден убод под кожата на внатрешната страна од подлактицата. Тој може да покаже дали веројатно сте заразени со туберкулозна бактерија. Треба повторно да дојдете 2 до 3 дена после тестот за да може да се толкуваат резултатите како позитивни или негативни.
2. Понекогаш може да се направи крвна слика или уште еден кожен туберкулински тест со цел да помогнат при толкувањето на резултатите од првиот тест.
3. Рендгенска снимка на белите дробови може да покаже дали има било какво присуство на туберкулоза во вашите бели дробови. Понекогаш рендгенската снимка на белите дробови може да покаже знаци на туберкулоза од минатото, дури и ако не знаете дека претходно сте имале туберкулоза.

## Сум примил/а BCG вакцина. Зарем таа не ме заштитува?

BCG вакцината ве штити од туберкулозата само делумно и главно ги штити децата. Можете да добиете туберкулоза дури и ако сте ја примиле BCG вакцината.

## Што ќе се случи ако тестовите се негативни?

Ако вашиот прв тест е негативен, истиот може повторно да се направи после 2 до 3 месеци. Причината за тоа е што вашиот имун систем може да реагира на кожниот тест по неколку недели откако сте биле изложени на туберкулоза. *Затоа, ако ви препорачаат да направите втор тест, многу е важно да дојдете и да го направите за да се осигурате дека не сте заразени од туберкулоза*. Ако и овој тест е негативен, обично нема да има потреба да правите понатамошни тестови.

## Што ќе се случи ако кожниот туберкулински (Манту) тест е позитивен?

Ако вашиот тест е позитивен, можеби ќе ви дадат упат да посетите доктор-специјалист за туберкулоза, во зависност од резултатите на рендгенската снимка на белите дробови и други фактори, за кои медицинската сестра ќе разговара со вас.

Позитивен кожен туберкулински тест обично значи дека сте заразени со бактеријата што предизвикува туберкулоза. (Понекогаш, позитивни тестови во мала доза се јавуваат кај луѓе кои примиле BCG вакцина или од други причини кои не се поврзани со инфекција од туберкулоза.) Ако имате позитивен тест, тоа не мора да значи дека сте заразени како последица на контакт што неодамна сте го имале со лице кое има туберкулоза. Ако сте живееле во земја каде што туберкулозата често се јавува, тогаш постои голема шанса дека сте заразени доста време. Околу 1/3 од светското население е заразено со туберкулоза, но таа е многу ретка кај луѓе родени во Австралија.

Ако сте заразени со туберкулоза (позитивен кожен туберкулински тест), тоа НЕ значи дека имате туберкулоза. Меѓутоа, тоа значи дека сте изложени на опасност да заболите од туберкулоза. Колку е голема оваа опасност зависи од многу фактори вклучувајќи колку скоро сте биле заразени (со други зборови, дали сте биле заразени како резултат на овој скорешен контакт), на која возраст сте и дали сте заболени од одредени болести. Медицинската сестра или докторот ќе разговараат со вас за тоа.

## Дали може да се лекува инфекцијата од туберкулоза?

Инфекцијата од туберкулоза може да се лекува со цел да се спречи заболување од туберкулоза во иднина. Лекувањето обично вклучува примање на едно од лекарствата што ги користиме при лекување на лица со туберкулоза (isoniazid) секој ден во период од шест до девет месеци. Лекувањето е успешно 60% до 90% во спречување на појава на туберкулоза кај луѓе кои се заразени. Ова лекување обично е безбедно, посебно кај младите. Ако вашиот доктор ви го препорача ова лекување, тој/таа ќе ви каже повеќе за бенефициите и несаканите последици на ова лекување.

## Дали постои некој друг начин на лекување ако сум заразен/а од туберкулоза?

Да. Ако опасноста да заболите од туберкулоза е мала (и посебно ако опасноста од појава на несаканите последици НЕ е мала), тогаш може да биде разумно да заземете став на 'чекај и ќе видиш'. Со овој став, обично би ви препорачале да правите рендгенска снимка на белите дробови на одредени периоди во текот на следните две години. Важно е да ги знаете раните знаци на туберкулоза, кои може да се појават во текот на овој период или после тоа, и да отидете во локалната клиника за белодробни заболувања ако тие се појават.

## Што да правам ако се уште имам некои прашања?

Ако имате други прашања, или ако не разбирате некои информации во овој памфлет, ве молиме, побарајте да зборувате со медицинска сестра или доктор во клиниката за белодробни заболувања, кои со задоволство ќе ви ги објаснат работите.

## За понатамошни информации во врска со туберкулозата, ве молиме побарајте примерок од NSW Health Tuberculosis Fact Sheet (Информативен лист за туберкулоза од NSW Health) во вашата клиника за белодробни заболувања или посетете ги следните Интернет страници:

http://www.health.nsw.gov.au/Infectious/factsheets/Pages/Tuberculosis.aspx

http://www.health.nsw.gov.au/Infectious/tuberculosis/Pages/tuberculosis-factsheets.aspx
(Информации на други јазици)

## Поединости за контактирање на клиниките за белодробни заболувања во NSW може да се најдат на следната Интернет страница:

http://www.health.nsw.gov.au/Infectious/tuberculosis/Pages/chest-clinics.aspx